Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 305, 1 септември 2022 година

септември 2022 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ПРОТЕТИКА (30407) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ 3

**РЕЦЕНЗИЈА НА УЧЕБНИК СО НАСЛОВ „МАНУЕЛНО МУСКУЛНО ТЕСТИРАЊЕ И ПОСТИЗОМЕТРИЧНА РЕЛАКСАЦИЈА” ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р ТОШЕ КРСТЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП** ........ 9

**РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ГИНЕКОЛОГИЈА“ ОД ПРОФ. Д-Р ГЛИГОР ДИМИТРОВ И АСИС. Д-Р ЉУПКА ЛАЗАРЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП** ........ 11

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА УЧЕБНИКОТ „ЕКОНОМИКА“ ОД ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА ПЕТРЕВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП** ........ 15

**ПРЕГЛЕД**
**НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА** ........ 17

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
ISSN: 1857- 8497

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ПРОТЕТИКА (30407) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-167/14 од 7.6.2022 година донесена на 279. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 7.6.2022 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на асистент за наставно-научна област *протетика* (30407) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав:

**д-р Катерина Златановска**, вонреден професор за наставно-научна област протетика, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – претседател;

**д-р Јулија Заркова-Атанасова**, доцент за наставно-научна област протетика, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член;

**д-р Киро Папакоча**, вонреден професор за наставно-научна област имплантологија, вработен на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 17.5.2022 година и во предвидениот рок се пријави: **асс. д-р Љубица Прошева.**

Кандидатката асс. д-р Љубица Прошева, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет заедно со пријавата ги има доставено следниве документи: 1) пријава; 2) диплома за завршен прв циклус на студии - еден примерок оригинал и три копии заверени на нотар; 3) уверение за положени испити на прв циклус студии (среден успех 8.39) заверено на нотар; 4) кратка биографија; 5) список на објавени научни и стручни трудови; 6) по еден примерок од трудовите; 7) потврда дека се служи со еден странски јазик 8) копии од сертификати стекнати на конгреси и семинари 9) препорака од 4 професори; 10) копија од дипломски труд; 11) уверение за државјанство.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На Конкурсот објавен во дневните весници „Слободен печат” и „Коха“ на 17.5.2022 година се пријави еден кандидат: **д-р Љубица Прошева.**

***Биографски податоци***

Кандидатката Љубица Прошева е родена на 27 август 1994 година во Штип, каде што ги завршува своето основно и средно (гимназиско) образование со одличен успех.

Во учебната 2013/2014 година се запишува на Факултетот за медицински науки - Дентална медицина при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип на петгодишни студии. За време на своето студирање зазема активно место во организацискиот одбор на симпозиуми, активно учествува во студентските конгреси (на Првиот студентски конгрес на студентите по општа медицина се претставува со усна презентација со тема „Биопечатење во медицината“, каде што е избрана за најиновативна тема), како и во организација на Првата студентска дентална летна школа „Dental summer school“ во функцијата заменик-претседател.

На 4.9.2018 година го презентира својот дипломски труд на тема „Застапеност на дентален кариес кај училишни деца и негова превенција", работен под менторство на доц. д-р Сања Нашкова и се стекнува со називот доктор по дентална медицина, со просек од 8,39.

Од 7.9.2018 година го започнува својот приправнички стаж за стекнување на работна лиценца. Истовремено со стажот е ангажирана и како демонстратор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип на Дентална медицина, како и на Стручни студии - Забен техничар-протетичар.

Во септември 2019 година аплицира на Конкурсот за работна позиција асистент на Дентална медицина и Забен техничар-протетичар во област протетика.

На 2.12.2019 година го полага стручниот испит и се стекнува со лиценца - доктор по дентална медицина.

На 3.12.2019 година е изгласана на Наставно-научен совет и е избрана за асистент на Дентална медицина и Забен техничар-протетичар област протетика, каде што од 15.12.2019 година започнува со редовен работен однос и на истата работна позиција е и до денес.

На Конкурсот за трет циклус студии во 2021 година аплицира и влегува во прв уписен рок, под менторство на проф. д-р Киро Папакоча.

Успешно се служи со групата на јужнословенски јазици (српски, хрватски и бугарски) и активно се служи со англискиот јазик.

Одлично владее со сите алатки од MS Office пакетот (MS Word, Power Point, Excel Publisher, Corel DRAW, Paint), активно користи интернет, електронска пошта, алатки за видеоконференции.

Поседува возачка дозвола – Б категорија.

**Кандидатката асс. д-р Љубица Прошева ги исполнува законските услови за избор во соработничко звање асистент:**

1. Остварен просечен успех од 8,39 на студиите од интегриран прв и втор циклус на Факултетот за медицински науки – Дентална медицина при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип;

2. Со Одлука бр.2002-247/4 на 234. седница на Наставно-научен совет на Факултет за медицински науки на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, одржана на 3.12.2019 година, е избрана во соработничко звање асистент за научна област протетика на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип за период од 3 (три) години. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен" бр.242 од 15.11.2019 година.

3. Објавени 5 (пет) научноистражувачки трудови во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните 3 години.

4. Познавање на странски јазик – англиски.

5. Демонстрира способност за изведување на високообразовна дејност, а во изминатиот период беше вклучена како соработник-асистент во реализација на вежби по предметите Анатомија на вилици и дентална морфологија (Дентална медицина и Забен техничар-протетичар), Апарати и инструменти во заботехничка лабораторија 1 и 2 (Забен техничар-протетичар), Мобилна протетика - тотална протеза 1 (Забен техничар-протетичар), Стоматолошка керамика (Забен техничар-протетичар), Дентална имплантологија (Дентална медицина и Забен техничар-протетичар), Претклиничка фиксна протетика 1 и 2 (Дентална медицина), Фиксна протетика 1 и 2 (Забен техничар-протетичар), Клиничка мобилна протетика – тотална протеза (Дентална медицина) и Клиничка мобилна протетика – парцијална протеза (Дентална медицина).

6. Четири препораки од професори.

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

**Д-р Љубица Прошева во 2018 година веднаш по дипломирањето е ангажирана како** стручњак од пракса на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, при реализација на практичната настава во учебната 2018/2019 година на студиската програма Дентална медицина и на стручните студии Забен техничар – протетичар.

Во учебната 2018/2019 година во зимски семестар е ангажирана за предметите: Анатомија на вилици и дентална морфологија (Дентална медицина), Анатомија на вилици и дентална морфологија (Забен техничар-протетичар) и Апарати и инструменти во забна техника (Забен техничар-протетичар).

Во учебната 2018/2019 година во летен семестар е ангажирана за предметите: Апарати и инструменти 1 (Забен техничар-протетичар), Мобилна протетика тотална протеза 1 (Забен техничар-протетичар), Стоматолошка керамика (Забен техничар-протетичар), Превентивна стоматологија (Дентална медицина), Дентална имплантологија (Дентална медицина) и Дентална трауматологија (Дентална медицина).

Во учебната 2019/2020 година во зимскиот семестар е ангажирана за Анатомија на вилици и дентална морфологија (Дентална медицина), Анатомија на вилици и дентална морфологија (Забен техничар - протетичар), Апарати и инструменти во заботехничка лабораторија 2 (Забен техничар - протетичар) и Мобилна протетика тотална протеза 1 (Забен техничар - протетичар).

Со Одлука бр.2002-247/4 на 234. седница на Наставно-научен совет на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, одржана на 3.12.2019 година е избрана во соработничко звање асистент за научна област протетика на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип за период од 3 (три) години. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен" бр.242 од 15.11.2019 година.

Од учебната 2019/2020 година д-р Љубица Прошева активно е вклучена во практичната настава на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип (студиска програма Дентална медицина, Забен техничар-протетичар) како асистент по предметите: Анатомија на вилици и дентална морфологија (Дентална медицина, Забен техничар-протетичар) Апарати и инструменти во заботехничка лабораторија 1 и 2, Мобилна протетика - тотална протеза 1 (Забен техничар-протетичар), Стоматолошка керамика (Забен техничар-протетичар), Дентална имплантологија (Дентална медицина и Забен техничар-протетичар), Претклиничка фиксна протетика 1 и 2 (Дентална медицина), Фиксна протетика 1 и 2 (Забен техничар-протетичар), Клиничка мобилна протетика – тотална протеза (Дентална медицина) и Клиничка мобилна протетика – парцијална протеза (Дентална медицина).

**Научноистражувачка дејност**

**Листа на трудови на асс. д-р Љубица Прошева кои ги доставува за рецензија за избор во асистент во последните 3 (три) години (од последниот избор до сега):**

**Објавени трудови во целост - *in extenso/ full text.***
Трудови кои се однесуваат на областа (од последниот избор до сега).

3. Atanasova, S., **Proseva, Lj.** (2020) *Ортодонтско-протетски пристап во третманот на хиподонција.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 40 (5). pp. 875-880. ISSN 2545-4439. https://eprints.ugd.edu.mk/27422/

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторите се насочени кон ортодонтско-протетскиот пристап во третманот на пациенти кај кои се јавува хиподонција, кои се етиолошките фактори кои доведуваат до појава на истата, клиничките манифестации кои се поврзани со отсуство на одредена група на заби, како и за планот и преземениот третман на истиот. Со преземањето на сите терапевтски постапки кај овие пациенти се овозможува враќање на мастикаторна функција, одржувањето на рамнотежата на соседните природни заби, како и задржување и возобновување на естетиката на индивидуата.

*Трудот има стручна и апликативна важност.*

*Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр.285 од 15.10.2021 година на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип*

7. Zlatanovska, K., Longurova, N., Dimova, C., Zarkova-Atanasova, J. **Proseva, Lj.** (2021) *Classification of temporomandibular disorders.* Knowledge - International journal, 49 (4). pp. 693-698. ISSN 2545-4439 https://eprints.ugd.edu.mk/29136/

**Евалуација на труд:** Терминот дисфункција на темпоромандибуларниот зглоб се користи за структурни и функционални нарушувања поврзани со темпоромандибуларните зглобови, џвакалните мускули и околните структури. Според авторите, темпоромандибуларните нарушувања може да се класифицираат во следните категории: нарушувања на џвакалната мускулатура; нарушувања на кондил-диск структурите; воспалителни и дегенеративни нарушувања; ограничена подвижност на ТМЗ – хипомобилност и вродени и развојни аномалии. Во многу ситуации успехот на терапијата на овие нарушувања, според авторите, помалку зависи од тоа како се изведува третманот отколку од тоа дали терапијата е соодветно и коректна за нарушувањето. Затоа, поставувањето на правилна дијагноза е исклучително важно за правилен третман. *Трудот има научно и стручно значење.*

**Објавени трудови во целост - *in extenso/ full text. (од друга област)***

4. Petrovski, M., Papakoca, K., Terzieva-Petrovska, O., Minovska, A., **Proseva, Lj.,** Krmzova, S. (2020) *Проценка на ефектите и индексите за пародонталното здравје во фазата на одржување кај денталните импланти.* Vox Dentarii Информатор на стоматолошката комора на Македонија (46). pp. 35-39. ISSN 1857-7814 https://eprints.ugd.edu.mk/27019/

**Евалуација на трудот:** Соодветен мониторинг и одржување на имплантите е од суштинско значење за да се обезбеди долговечноста на денталните импланти и супраструктурите преку комбинација на професионална грижа и ефикасна орална хигиена од страна на пациентот. Главна цел во оваа студија била да се проценат различните клинички параметри за време на фазата на одржување на имплантот. Истражувањето опфатило вкупно триесет пациенти. Сите испитаници биле поделени во две групи: (1) пациенти кои се редовни во фазата на одржување на секои три до четири месеци и (2) пациенти кои не се придржуваат на фазата на одржување и кои ја посетиле ординацијата поради некоја друга причина. Кај секој испитаник биле одредувани индексот на дентален плак, длабочината на пародонталните џебови и крвавењето при сондирање. Сите вредности на параметрите се поголеми за втора група, но вредности за длабочината на пародонталниот џеб се сигнификантно значајни. Оттука авторите заклучуваат дека фазата на пародонтално одржување по поставувањето на денталните импланти е исклучително важна и не треба да се игнорира од страна на стоматолозите.

*Трудот има стручно значење.*

*Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр.294 од 1.3.2022 година на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип*

5. Petrovski, M., Papakoca, K., Terzieva-Petrovska, O., **Proseva, Lj.,** Arsovski, Lj., Atanasova, S.(2021) *Impact of The Nurses on Maintaining Oral Health in Institutionalized Elderly.* Lupine online journal of nursing & health care, 3 (2). pp. 292-295. ISSN 2637-6695 https://eprints.ugd.edu.mk/28289/

**Евалуација на трудот:** Денталната и оралната грижа се важни за институционализираните стари лица бидејќи оралните болести можат да имаат негативно влијание не само на квалитетот на животот, туку и на општото здравје. Одржувањето на соодветна орална хигиена кај институционализираните стари лица е најважно, особено кај пациентите на кои им е потребна помош за основна или дополнителна орална и дентална нега. Најчесто задолжени за одржување на оралната хигиена се одговорните за долгорочна грижа на институционализираните стари лица - медицинските сестри и болничарите. Според авторите, едукацијата на кадрите одговорни за институционализираните стари лица вклучува употреба на соодветни предавања со соодветни аудиовизуелни ефекти, соодветни презентации и вежби и дискусии меѓу учесниците. Програмите и протоколите за орално здравје може да се користат и за едукација на институционализирани стари лица, како и нестоматолошки кадар кој се грижи за институционализираните стари лица како што се општи лекари, медицински сестри, нутриционисти и социјални работници, за да се промени пристапот кон оралното здравје и неговото унапредување. Кога пациентот не може сам да одржува орална хигиена, неопходно е да се едуцираат членовите на семејството и персоналот одговорен за нив за нивното знаење и обука за одржување на оралната хигиена.

*Трудот има научно и стручно значење.*

*Трудот е рецензиран во Универзитетски билтен бр.294 од 1.3.2022 година на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип*

6. Naskova, S., Dimova, C., Zlatanovska, K., Longurova, N., Atanasova, S., **Proseva, Lj.** (2021) *Dental caries and salivary bacteria in school children at age of 12 with present and absent dental caries.* Journal of Hygienic Engineering and Design JHED Volume 37. https://eprints.ugd.edu.mk/29271/

**Евалуација на труд:** Авторите во овој труд имале за цел да ги идентификуваат присутните бактерии во саливата и каква е нивната поврзаност со денталниот статус. Во ова истражување биле инволвирани 71 пациент (деца) од кои 26 се девојчиња, а останатите 45 се момчиња на 12-годишна возраст. Според денталниот статус испитаниците биле поделени на контролна група која брои 31 пациент, додека останатите 40 пациенти се во експериментална група со присутен кариес, екстрахирани и реставрирани заби. Врз основа на презентираните податоци може да се забележи дека постои поврзаност на денталниот кариес и саливарните параметри кои може значително да влијаат на скринингот и во раната детекција при одредување на кариес ризикот.

*Трудот има научно и стручно значење.*

***Трудови од научни и стручни собири печатени во зборници на трудови од научни собири:***

8. Zarkova, J., Zlatanovska, K., **Proseva, Lj.**, Kovacevska, I., Dimova, C.(2020) Age related tooth color changes according to CIE Lab color scale. In: 19 Kongres stomatologa Srbije, 1-4 Oct 2020, Belgrade, Serbia. https://eprints.ugd.edu.mk/26899/

9.Naskova, S., Dimova, C., Zlatanovska, K., Longurova, N., Atanasova, S., **Proseva, L.** (2021) *Dental caries and salivary bacteria in school children at age of 12 with present and absent dental caries.* In: Congress on Food Quality and Safety, Health and Nutrition - NUTRICON 2021 https://eprints.ugd.edu.mk/28924/

10. Zlatanovska, K., Longurova, N., Dimova, C., Zarkova-Atanasova, J., **Proseva, Lj.** (2021) *Classification of temporomandibular disorders.* In: 34th International Scientific Conference - Knowledge in practice, 17 Dec 2021, online. (In Press) https://eprints.ugd.edu.mk/28948/

**17. Елаборати и експертизи**

Кандидатката активно учествува во изработка на долунаведените елаборати:

1.1. Елаборат за акредитација на студиска програма Дентална медицина - интегриран прв и втор циклус на студии (2022)

1.2. Елаборат за акредитација на прв циклус на студии - студиска програма Забен техничар – протетичар (2022)

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Кандидатката асс. д-р Љубица Прошева е член на:

- Стоматолошка комора на Република Македонија;
- Активно е вклучена во организација на симпозиуми, студентски конгреси и летна школа на Денталната медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип:
- „Ургентни состојби во денталната медицина" (симпозиум со меѓународно), 10.10.2020 г.;
- „Инфекции во секојдневната стоматолошка пракса-новини во дијагностиката, третманот и превенцијата" (симпозиум со меѓународно учество), 20.11.2020 г.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип и според приложената документација, кандидатката **асистент д-р Љубица Прошева ги исполнува сите законски услови, сите општи услови и критериумите за избор во соработничко звање асистент** за наставно-научна област протетика (30407) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Нејзиниот придонес во реализација на практичните наставни содржини, базично на студиската програма Дентална медицина, како и кај студиската програма Забни техничари-протетичари, е со енормен потенцијал и го карактеризира едноставност, достапност и секогаш во секое време подготвеност да им излезе во пресрет на студентите, не штедејќи го своето време, знаење и искуство. Рецензентската комисија е едногласна во оцената дека со целокупната своја досегашна работа има голем придонес во наставно-образовната, научноистражувачката, стручно-апликативната и организациско-развојната дејност.

Врз основа на приложениот материјал и изнесените податоци, според Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и врз основа на личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип кандидатката д-р Љубица Прошева да биде избрана за асистент за наставно-научната област протетика на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

**Д-р Катерина Златановска**, вонреден професор, претседател, с.р.

**Д-р Јулија Заркова Атанасова**, доцент, член, с.р.

**Д-р Киро Папакоча**, вонреден професор, член, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА УЧЕБНИК СО НАСЛОВ „МАНУЕЛНО МУСКУЛНО ТЕСТИРАЊЕ И ПОСТИЗОМЕТРИЧНА РЕЛАКСАЦИЈА” ОД ВОН. ПРОФ. Д-Р ТОШЕ КРСТЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-128/27 од 277. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 26.4.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Ленче Николовска, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип;

- д-р Данче Василева, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот учебник „МАНУЕЛНО МУСКУЛНО ТЕСТИРАЊЕ И ПОСТИЗОМЕТРИЧНА РЕЛАКСАЦИЈА” од вон. проф**. д-р** Тоше Крстев**,** наменет за студентите од студиската програма Физиотерапевти на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на учебникот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Општи податоци за ракописот: Учебникот со наслов **„**МАНУЕЛНО МУСКУЛНО ТЕСТИРАЊЕ И ПОСТИЗОМЕТРИЧНА РЕЛАКСАЦИЈА**”** од вон. проф. д-р Тоше Крстев е наменет за студентите од студиската програма Физиотерапевти, прв циклус студии. Учебникот е во согласност со планот и наставната програма за предметот Мануелно мускулно тестирање и постизометрична релаксација” кој се слуша во I година (II семестар) со неделен фонд од 2+0+0 часови, 4 кредити, како изборен предмет на студиската програма Физиотерапевти.

Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат знаења потребни за предметната содржина и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот** на ракописот: Содржината на учебникот е претставена во текст од вкупно 158 страници. Учебникот е пишуван во А4 формат со нормален единичен проред, употребен е фонт Arial и големина на буквите 11. Материјалот е подготвен во 2 методски единици и под единици, распоредени во согласност со наставната програма на истоимениот предмет. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на учебникот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Авторот на јасен, едноставен и достапен начин, со разбирлив стил на пишување, сублимирано ја претставува материјата која се изучува во овој предмет како дел од целата физиотерапија. Од особена важност е да се потенцира специфичниот пристап кон содржините со цел да се прикаже и потенцира потребата од правилна функционална проценка како предуслов за успешна рехабилитација.

**Краток опис на содржината:** Учебникот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Текстот и целата содржина е конципиран во два тематски дела и литература. Илустриран е со 209 слики, 34 табели и 1 прилог.

Во првата тематска единица Мануелно мускулно тестирање авторот прави опис на постапката за мануелно мускулно тестирање. Клиничката важност, предностите и условите под кои се спроведува оваа дијагностичка постапка. Во овој дел се прави преглед на зглобовите на човечкото тело, како и степените на слобода односно можностите за движење кај секој од нив. Претставени се сите мускули на телото според извршувано движење, како и постапките и положбите за мерење на мускулната сила.

Во втората тематска единица со наслов Постизометрична релаксација **е опишана постапката за проценка на променетиот мускулен тонус. Претставени се и положбите и постапките за релаксација на различните мускули и мускулни групи**.

Литературата е со богата содржина на референци - 46, од кои 30 се на кирилица и 16 на латиница. Ова зборува за системски приод кон оваа област и за способноста на авторот за комплетно претставување на тематиката.

Учебникот со наслов „Мануелно мускулно тестирање и постизометрична релаксација" на студентите им дава познавања за можностите за проценка на функционалната способност и мускулната сила кај различните мускули и мускулни групи. Ова стои во основата на планирањето и спроведувањето на рахабилитацискиот процес.

Претставеното издание на учебникот ќе помогне во подготовката на физиотерапевтите по предметот **Мануелно мускулно тестирање и постизометрична релаксација** и ќе придонесе за зголемување на нивните знаења и вештини во областа на функционалната дијагностика на локомоторниот апарат.

Учебникот „**Мануелно мускулно тестирање и постизометрична релаксација**" може да им користи и на сите останати читатели кои се интересираат за основните начини и постапки за проценка на функционалната способност, како и планирање на процесот на рехабилитација.

## З А К Л У Ч О К

Учебникот „**Мануелно мускулно тестирање и постизометрична релаксација**" од авторот вон. проф. д-р Тоше Крстев ги опфаќа сите содржини од теоретски и практичен аспект, според наставната програма и содржина по истоимениот предмет на студентите од прв циклус на студиската програма Физиотерапевти на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Со издавање на овој учебник студентите ќе имаат можност да го изучуваат потребниот материјал за теоретска и практична настава во соодветен обем на македонски јазик. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебник, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на ФМН при УГД - Штип ракописот **„Мануелно мускулно тестирање и постизометрична релаксација" од** вон. проф**. д-р** Тоше Крстев да биде издаден како учебник за студенти на студиската програма Физиотерапевти на Факултет за медицински науки при Универзитет **„**Гоце Делчев" - Штип.

РЕЦЕНЗЕНТИ
Д-р Ленче Николовска, вонреден професор, с.р.
Д-р Данче Василева вонреден професор, с.р.

**РЕЦЕНЗИЈА
НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ГИНЕКОЛОГИЈА“ ОД ПРОФ. Д-Р ГЛИГОР ДИМИТРОВ И АСИС. Д-Р ЉУПКА ЛАЗАРЕВА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлуката бр. 2002-230/4. донесена на 283. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 16.8.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Зоранчо Петановски, насловен вонреден професор во наставно-научната област гинекологија и акушерство, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, вработен во ПЗУ „Ремедика“ во Скопје;

- д-р Александар Митевски, насловен вонреден професор за наставно-научната област абдоминална хирургија, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, вработен во ПЗУ „Ремедика“ во Скопје,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „ПРАКТИКУМ ПО ГИНЕКОЛОГИЈА“ од проф. д-р Глигор Димитров и асис. д-р Љупка Лазарева, наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

Општи податоци за ракописот: Ракописот „ПРАКТИКУМ ПО ГИНЕКОЛОГИЈА“ од авторите проф. д-р Глигор Димитров и асистент Д-р Љупка Лазарева е наменет за задолжителниот предмет Гинекологија и акушерство 1, за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки, студиска програма Општа медицина. Предметот според наставната програма е предвиден да се слуша во деветти семестар за студентите на Општа медицина. Неделниот фонд на часови изнесува 2+2+1 и носи 5 кредити за студиските програми Општа медицина.

Доставениот текст во целост е подготвен во согласност со пропишаната Наставна програма за горенаведениот предмет и според барањата кои се поставуваат пред студентите во рамки на предметот, а се однесуваат на практичната реализација на наставната програма.

Обем на ракописот: Ракописот кој е приложен за рецензија е оформен на 165 страници, А4 формат, со фонт 12, работен е во Arial, со македонска поддршка. Ракописот е збогатен со 197 илустративни прикази и 4 табели. Текстот е солидно обработен со јасни прикази на сите практични содржини поврзани со дијагностичките процедури и методите на евалуација и третман на поединечни гинеколошки состојби. Обемот на ракописот потполно ги задоволува потребите на предметот за кој е наменет, бројот на часови со кој е застапен и соодветната Наставна програма. Истовремено одговара и на одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Краток опис на содржината: Материјалот обработен во ракописот е презентиран на концизен и едноставен начин, при што може да се констатира извонредна систематичност во презентирањето на содржините. Ракописот е систематизиран и поделен на дванаесет поглавја и на крајот завршува со користената литература. Овие дванаесет целини редоследно ја обработуваат практичната наставна содржина по предметот

Гинекологија и акушерство 1 за студентите од студиската програма Општа медицина.

Практикумот има за цел преку дванаесет вежби, теоретски и практично да ги објасни неопходните знаења од областа на гинекологијата со кои треба да се стекнат студентите по овој предмет.

На почетокот е дадена содржината на практикумот и може да се забележи дека е уредно презентирана, со јасно обележување на поглавјата со наслови, а одделните делови во склоп на поглавјата како поднаслови на обработената содржина. Страните обележани во делот Содржина соодветствуваат на обележувањата во ракописот.

Во првото поглавје Специфичности на гинеколошката анамнеза и гинеколошки преглед се објаснети специфичностите на гинеколошката анамнеза, главните тегоби поврзани со гинеколошката патологија, прашањата кои треба да бидат поставени на пациентот како и спефичностите на гинеколошкиот преглед со посебен акцент на прегледот под спекулум, вагиналниот и бимануелниот преглед.

Второто поглавје Биохемиски испитувања во гинекологијата ги опфаќа специфичните биохемиски испитувања во гинекологијата вклучувајќи ги хормоналниот статус и туморските маркери со посебно осврнување на соодветната интерпретација на нивните вредности како и нивното клиничко значење.

Во третото поглавје Ултразвук во гинекологијата се објаснети основните принципи на ултразвукот, неговата примена во гинекологијата, ултразвучните карактеристики на нормален утерус и оваруими како и ултразвучните карактеристики на одредени гинеколошки состојби дополнето со соодветна илустрација за секоја од нив.

Четвртото поглавје Микробиолошки и цитолошки испитувања во гинекологијата го објаснува начинот на земање на гинеколошките брисови (вагинален, цервикален, брис за Mycoplasma hominis/Ureaplasma urealyticum, брис за Chlamydia), како и специфичните тестови за дијагноза на бактериска вагиноза. Исто така, во ова поглавје е објаснет начинот на земање на ПАП тест, како и интерпретацијата на резултатите од ПАП тестот и начинот на постапување при одредени цитолошки абнормалности и терапевтските постапки кои се користат во третманот на докажаните со биопсија хистолошки абнормалности на грлото на матката.

Петтото поглавје Колпоскопија и колпоскопски наоди ги објаснува основните принципи на колпоскопскиот преглед, како дел од проширениот гинеколошки преглед во амбулантски услови, како и карактеристиките и значењето на колпоскопските наоди во однос на промени кои може да бидат претходница на малигните лезии на усминскиот дел на грлото на матката или лезии кои веќе сами по себе претставуваат малигнитет. Во ова поглавје е објаснета и постапката на земањето биопсија од сомнителни места како следна дијагностичка постапка во случаи кога цитолошката анализа и колпоскопијата се атипични и ХПВ типизацијата е позитивна.

Шестото поглавје Хируршки дијагностички и дијагностичко терапевтски постапки во гинекологијата ги објаснува основните принципи, индикациите, како и можните компликации при одделни хируршки дијагностички и дијагностичко терапевтски процедури во гинекологијата и тоа: дилатација и фракционирана експлоративна киретажа, ендоцервикална киретажа, полипектомија на цервикален полип и ендометријална биопсија. Вежбата е планирана да се изведе комбинирано со истовремено практично запознавање со инструментите и постапката на овие процедури.

Седмото поглавје Предоперативна подготовка на гинеколошки пациент ги објаснува потребните предоперативни подготовки кај пациентка со гинеколошко заболување. Предоперативната евалуација на гинеколошки пациент треба да биде темелна и целосна, при што предвид се земаат основните аспекти на општата здравствена состојба на пациентката како и нејзината претходна хируршка анамнеза. Успешниот исход од гинеколошката хирургија се состои од детална предоперативна подготовка и внимателна постоперативна нега. Исто така, во ова поглавје се дадени и главните точки за дискусија во предоперативната информирана согласност.

Осмото поглавје Типови на најчесто користени абдоминални инцизии во

гинекологијата, сутури, сутурен материјал и инструменти има за цел запознавање на студентите со анатомијата и слоевите на предниот абдоминален ѕид, најчесто користените инцизии во гинеколошката оперативна пракса, типовите на сутурен материјал, најчесто користените сутурни техники и хируршките инструменти кои се користат во гинекологијата. Вежбата е планирана да се изведе комбинирано со практично запознавање на инструментариумот кој се користи во амбулантни услови и гинеколошката оперативна сала, како и практично прикажување на сутурните материјали и техники.

Во деветтото поглавје Абдоминална хистеректомија и гинеколошка ендоскопија се опфатени индикациите за хистеректомија, како една од најчесто изведуваните гинеколошки процедури. Објаснета е постапката при абдоминална хистеректомија и истото е илустрирано со соодветни слики. Објаснети се основните принципи на гинеколошката ендоскопија, вклучувајќи ја хистероскопијата која може да се употреби во дијагностички цели, но и како водич при изведување на бројни интраутерини интервенции и лапароскопијата како техника со која се овозможува визуелизација на абдоминалната празнина и изведување на одредени хируршки процедури на абдоминалните и карлични органи преку неколку инцизии помали од 1 см. Во овој дел е објаснета и постапката на тотална лапароскопска хистеректомија (TLH) истовремено илустрирано со слики.

Во десеттото поглавје Методи на контрацепција се објаснети методите на контрацепција со цел спречување на несакана бременост вклучувајќи: бариерни методи, хормонални контрацептиви, ургентна контрацепција и хируршки постапки за стерилизација.

Во единаесеттото поглавје Дијагностички постапки при неплодност се објаснети дијагностичките постапки на двајцата партнери за утврдување на причината за инфертилитет. Основните постапки кои треба да се направат пред да се започне со кој било третман се: анализа на спермата, потврда на овулација и документирање на проодност на тубите. Често кај една двојка се идентификуваат повеќе од една причина за неплодност.

Во дванаесеттото поглавје Методи на контролирана оваријална стимулација (КОХ) и протоколи за **in vitro** фертилизација е објаснета примената на индуктори на овулација кломифен цитрат и гонадотропини. Примената на индуктори на овулација е индицирана за примена кај инфертилни пациентки, а познато е дека ановулацијата е причина за неплодност кај околу 20% од жените. Индукцијата на овулација не може и не смее да биде терапија „за секој случај“ бидејќи на пациентот мора да се пристапи од етичко-медицинско и економско гледиште (cost benefit), а познато е дека врз основа на рационална дијагностика, целната терапија е најевтина и најефикасна. Опфатени се и протоколите на индукција на овулација при ин витро фертилизација: долг лутеален, краток (flare up) протокол, антагонистичкиот протокол и lupron trigger shot протокол кај пациентките кај кои постои ризик за оваријален хиперстимулациски синдром.

**ЗАКЛУЧОК**

Доставениот ракопис има добар наставен пристап кон проблематиката што ја обработува и врз основа на изнесеното може да се заклучи дека се работи за квалитетен труд кој е од посебен интерес за едукација од областа на гинекологијата.

Содржината на овој ракопис има солиден потенцијал за овозможување на пациентите да се стекнат со задоволителни практични знаења од областа на гинекологијата, но истовремено овозможува подготвување на студентите за нивното понатамошно едуцирање од областа на останатите клинички дисциплини. Трудот е работен според Наставната програма на предметот, комплетно и стручно е оформен и дава придонес во стручната литература со што реално се потенцираат очекувањата дека ќе одговори на својата намена.

Ова претставува прво современо издание по предметот Гинекологија и акушерство на Факултетот за медицински науки во Штип. Токму овој формат ја задоволува комплетно реалната потреба од еден ваков практикум за овој предмет.

Ракописот во целост ги задоволува критериумите за практикум по задолжителниот предмет Гинекологија и акушерство 1 за студентите од студиската програма Општа медицина, но истиот може да се користи и од страна на студентите од стручни студии, насоки: Медицински сестри и Акушерки. Работен е според Наставната програма за споменатиот предмет, а воедно ги задоволува и условите од одредбите во Правилникот за издавање на учебници пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Рецензенти**
Д-**р** Зоранчо Петановски**,** насл**. вонреден професор,** с.р.
Д-**р** Александар Митевски**,** насл**. вонреден професор,** с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА УЧЕБНИКОТ „ЕКОНОМИКА“ ОД ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА ПЕТРЕВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, како и Одлуката бр. 2102-155/4 од 273. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, одржана на 18.7.2022 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Оливер Филиповски, вонреден професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;

- д-р Владимир Китанов, доцент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

за изготвување извештај, рецензија на приложениот учебник под наслов **„ЕКОНОМИ**КА**“** од проф**. д-р Билјана Петревска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Општи податоци за ракописот: Ракописот „ЕКОНОМИКА“ е наменет првенствено за студентите на Факултетот за туризам и бизнис логистика како основна литература при реализација на наставната програма по задолжителниот предмет Економика (I семестар, број на часови 2+2) на насоките: Бизнис логистика, Бизнис администрација и Туризам, но може да се користи и пошироко. Ракописот е подготвен според пропишаната Наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите од прв циклус студии и е подготвен за да овозможи полесно совладување на материјата, разбирање на посложените поими и поврзување на теоретските и методолошките концепти.

Податоци за обемот на ракописот: Ракописот е напишан на А4 формат, нормален проред, фонт Arial со македонска поддршка, големина на буквите 11 и има вкупно 268 страници, со 50 графикони, 21 слика и 45 табели. Предложениот обем и содржина ги задоволуваат критериумите според предвидениот број часови (2+2) и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов: Според наши сознанија, ваков ракопис кој ќе служи како учебник по предметот Економика, во кој е содржан методолошки дел за економика на туризам, не е објавен на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Краток опис на содржината: Учебникот е напишан на оригинален начин, со јасен и разбирлив јазик. Ракописот методолошки е структуриран во 6 глави, при што секоја глава претставува засебна целина во согласност со наставната програма по предметот Економика. Секоја глава започнува со краток преглед на содржината која е разработена во таа глава. Воедно, поставени се целите на учење кои треба да ги постигнат студентите преку совладување на задачите. Вклучени се примери кои имаат за цел сликовито да ја прикажат материјата и да ја доближат до студентите. На крајот на секој дел, дадени се прашања за дискусија и задачи за вежбање кои им овозможуваат на студентите да проверат дали целосно ја разбрале наставната материја. При проверката на знаењето од помош е понуденото решение на поставените задачи, со што се олеснува подготовката на испитот по предметот Економика.

Ракописот се состои од 6 тематски целини: 1. Основни економски поими и концепти; 2. Трошоци; 3. Средства; 4. Калкулации; 5. Квалитет на економијата; и 6. Економика на туризам. Притоа, разработен е материјал од микроекономијата и од макроекономија.

Во првата глава се обработени најелементарните економски поими и концепти кои се однесуваат на запознавање со поимот, предметот на проучување и методологијата на економиката како наука, а воедно се појаснети основните поими за понуда и побарувачка, производна функција, потрошувачка, штедење и инвестиции, пари и бруто-домашен производ. Во втората глава се појаснети поимот и карактеристиките на трошоците заедно со начинот за нивно пресметување. Најважните концепти за управување со средствата се презентирани во третата глава. Четвртата глава ги разработува најважните принципи на составување калкулации, додека петтата глава е во целост посветена на управувањето со квалитетот на економијата. Шестата глава ги разработува основните постулати на Економика на туризам што е од посебно значење бидејќи ракописот е наменет и за студенти кои студираат туризам. На крајот на ракописот, соодветно се нотирани библиографските единици кои се цитирани во текстот.

Авторката покажува стручно и научно познавање на третираната проблематика која е систематично презентирана во ракописот. Начинот на појаснување на решавање на задачите е јасен и пристапен. Оттука, концизното и експлицитното презентирање на оваа проблематика дава можност за користење на овој материјал не само за студентите од Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, туку и пошироко.

## ЗАКЛУЧОК

Овој ракопис претставува успешен обид на авторката да претстави учебник со висок квалитет во кој се даваат можности за стекнување пошироки знаења од микроекономијата и макроекономијата.

Врз основа на изложеното може да се заклучи дека предложениот ракопис-учебник насловен како „Економика“ е во согласност со студиската програма и наставниот план на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Ракописот од педагошки и научен аспект го поседува потребното ниво соодветно за студентите на прв циклус студии.

Оттука, на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **со задоволство му предлагаме ракописот „ЕКОНОМИКА“ од проф. д-р Билјана Петревска да го прифати како УЧЕБНИК.**

**Рецензенти**
Д-р Оливер Филиповски, вонреден професор, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.
Д-р Владимир Китанов, доцент, Факултет за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**

на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови
одобрени од наставно-научниот совет на единицата

| Билтен **1.9.2022** година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Наслов на тема | Одлука | Ментор | Студент |
| ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ | 1. Институтот надомест на штета во отштетното и неговото значење за кривичното право – со посебен осврт на примената кај кривичното дело убиство | 1102-127/18 од 24.8.2022 год. | Вон. проф. д-р Марија Амповска | Даниела Георгиева |
| | 2. Овластување на полицијата во предистражна постапка – полициски извиди | 1102-127/19 од 24.8.2022 год. | Вон. проф. д-р Олга Кошевалиска | Јане Георгиев |